Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 62, 15 јуни 2011 година

јуни 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во наставно-научното поле машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната областа подготовка на минерални суровини на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 15

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната и уметничка област џез гитара на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната облест менаџмент во царина и шпедиција на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле историски науки на Филолошки факултетот при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 31

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармакологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент / вонреден професор за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Испитување на машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 67

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Ургентни состојби во стоматологијата” од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на материјалот за електронска скрипта по предметот Македонски јазик со култура на изразувањето од доц. д-р Виолета Николовска, Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА**на „Практикум“ по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на интерна скрипта по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 74

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА И УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ЏЕЗ ГИТАРА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на Одлука бр.1902-51/5 од 6 април 2011 година, донесена на седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност, именувана е Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање ***насловен доцент*** за наставно-научното и уметничко подрачје ***џез гитара*** во состав:

1. Антонијо Китановски, доцент по наставно-научната и уметничка област џез гитара на Факултетот за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, претседател;
2. м-р Александар Секуловски, доцент по наставно-научната и уметничка област џез ударни инструменти на Факултетот за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член;
3. Георги Мицанов, доцент по наставно-научната и уметничка област џез саксофон на Факултетот за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член.

По распишаниот Конкурс во дневниот весник „Дневник“, на 18 март 2011 година, во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Сашо Поповски**.**

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование на РМ („Сл.весник на РМ“ бр.35/08, 103/08, 26/2009, 83/2009 и 99/2009), а согласно со член 32, според Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни/уметнички, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и врз основа на приложената документација од страна на кандидатот, Комисијата го приложува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Сашо Поповски** е роден на 12 август 1977 година во Битола. Периодот од 2001 до 2008 година го минува во Софија, Р. Бугарија, и ги комплетира своите академски студии од прв и втор циклус.

По успешното завршување на додипломските студии на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ во периодот 2001-2005 година се стекнува со професионална квалификација со стручен назив **дипломиран музичар-изведувач, гитарист, специјалност поп и џез гитара**.

Постдипломските студии ги завршува на Новиот бугарски универзитет и се здобива со академскиот степен **магистер по музичка уметност, специјалност гитара.**

За време на студискиот престој во Софија, м-р Сашо Поповски за главен предмет на интерес ја има гитарата како џез инструмент и развитокот на импровизациските техники на овој инструмент во џез контекст. Тоа е евидентно од насловот на неговиот магистерски труд „*Карактерни особености на импровизацијата на џез гитара во периодот 1940-1960 г.“* и од неговото учество и успешно завршување на обуката на мајсторската класа на еминентниот светски џез музичар д-р Милчо Левиев во 2007 година, која тематски ја обработува џез импровизацијата.

Од рангот на вештини и способности релевантни за наставниот процес, м-р Сашо Поповски има познавања од областа на англискиот и бугарскиот јазик и информатичките технологии за што има приложено докази. На кандидатот му е доделен сертификат за успешно завршена обука реализирана во рамките на проектот „Македонија - земја на информатичари“ со што се потврдуваат неговите вештини во најчесто користените

софтверски програми, нашиот интерен академски информатички систем: Windows, Word, Excel и користење на Интернет.

Кандидатот приложува и докази од кои е евидентно неговото познавање на англискиот и бугарскиот јазик.

***Наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-уметничка дејност***

Кандидатот м-р Сашо Поповски добар дел од своето наставно искуство го стекнува на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, каде изминативе речиси три години мошне успешно ја извршува функцијата надворешен стручен соработник во наставните области џез гитара, џез ансамбл, џез историја и теорија и аранжирање.

Во периодот 2006-2007 година е ангажиран како наставник на Меѓународниот славјански институт - Москва во Битола.

Во 2007 година е наставник по музика во СОУ „Крсте Петков Мисирков“ во Демир Хисар (средно општинско училиште).

Покрај веќе споменатиот магистерски труд „*Карактерни особености на импровизацијата на џез гитара во периодот 1940-1960*“, кандидатот објавува статии во битолскиот весник за култура „Улица“ и уредува радиоемисии од областа на џез музиката на Радио Битола.

За време на магистерските студии со највисока оценка ги положува предметите од областа на педагогијата: Педагошка пракса по гитара и Методика на предавање на инструмент 1 и 2.

М-р Сашо Поповски во изминативе пет години, покрај својата уметничка дејност, евидентно е посветен на наставната работа и истражувањата од областа на неговиот интерес – развитокот на џезот и неговите современи стилови.

Како уметник, изведувач на џез гитара, м-р Сашо Поповски има едно ЦД издание со својот квартет „Балкан џез колектив“ и второто е во фаза на продукција. Настапува на повеќе интернационални музички фестивали во Македонија, Бугарија и Црна Гора и остварува бројни самостојни концертни изведби.

***Концертни настапи***

- Во 2010 година, концерт Петровац џез фестивал, Црна Гора, Балкан џез колектив.
- Во 2010 година, концерт на фестивалот Битолско културно лето, Сашо Поповски трио.
- Во 2010 година, концерт Кавадарци џез фестивал, Балкан џез колектив.
- Во 2010 година, концерт Астибо џез фестивал, Штип, Балкан џез колектив.
- Во 2010 година, концерт, Француска алијанска, фестивал „Ден на музиката“, Битола, Балкан џез колектив.
- Во 2010 година, концерт Културен центар „Менада“ – Скопје, Сашо Поповски трио.
- Во 2010 година, концерт Астибо џез фестивал – Штип, Т.Китановски, С.Поповски, С.Панев трио.
- Во 2010 година, концерт на фестивалот „Битолско културно лето“, Балкан џез колектив.
- Во 2010 година, концерт, Француска алијанска, фестивал „Ден на музиката“, Битола, Сашо Поповски трио.
- Во 2010 година, концерт на фестивалот „Охридско лето“, мјузикл „Свирач на покривот“, Народен театар – Битола, диригент Саша Николовски- Ѓумар.
- Во 2007 година, концерт Струшки вечери на поезијата, Поповски/Тасевски дуо.
- Во 2007 година, концерт на фестивалот Битолско културно лето, мјузикл „Свирач на покривот“, Народен театар – Битола, диригент Саша Николовски- Ѓумар.
- Во 2007 година, концерт на фестивалот Битолско културно лето, Поповски Тасевски квартет.
- Во 2007 година, концерт во оф програмата на фестивалот Џез пик, Софија, Р.Бугарија, Satchmo Jazz Club.

– Во 2007 година, концерт, Француска алијанска, фестивал „Ден на музиката“, Битола, Поповски Тасевски квартет.
– Во 2006 година, концерт Урбана акција – Младински културен центар (МКЦ) Битола.
– Во 2006 година, концерт Прва патувачка изложба на фотографии USAID United States Agency International Development.
– Во 2006 година, концерт New Art Festival “Solsist” Битола, Поповски Тасевски квартет.
– Во 2006 година, концерт Мултимедијален центар, Мала станица – Скопје, Поповски Тасевски квартет.
– Во 2005 година, концерт New Art Festival “Solsist” Битола, Атанас Хаџиев (Р.Бугарија) – Сашо Поповски.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот м-р Сашо Поповски со својата ангажираност изминативе три години, како соработнички кадар, дава значаен придонес во наставната практика. Во својата академска средина е познат и почитуван како совесен соработник со беспрекорна комуникациска способност и примерно однесување кон наставничкиот кадар и останатиот персонал, како и кон студентите.

Од презентираниот соодветно документиран наставно-научен/ уметнички и апликативно-стручен ангажман на м-р Сашо Поповски, Комисијата оценува дека кандидатот во целост ги исполнува законските услови предвидени според Конкурсот.

Забележителен е и неговиот постојано прогресивен стручно-уметнички развиток, особено насочен кон областа џез гитара и џез музика воопшто. Притоа, неговиот уметнички и научноистражувачки интерес е доста широк и е фокусиран на подрачјето во чии рамки последниве години беше ангажиран.

Со особено задоволство на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип му предлагаме **м-р Сашо Поповски да го избере во насловно звање насловен доцент во наставно-научната и уметничка област џез гитара.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доцент Антонијо Китановски – претседател, с.р.**
**Доцент м-р Александар Секуловски– член, с.р.**
**Доцент Георги Мицанов – член, с.р.**

**ПР И Л О Г**

**Табела за вреднување на м-р Сашо Поповски, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | | | |
| Интерна скрипта за вежби | 1 | 2 | 2 |
| Учество во образовна РТВ програма | 6 | 0,5 | 3 |
| Раководител на студент на манифестација | 1 | 2 | 2 |
| Предавања | 19 | x1,5+4 | 32,5x3=127,5 |
| Вежби | 8 | 0,2 | 1,6x3=4,8 |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | | | |
| Музички настап на официјален концерт | 14 | 3 | 42 |
| Музички настап на официјален концерт во странство | 3 | 4 | 12 |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | | | |
| Стручни награди и признанија | 1 | 4 | 4 |
| Учество на стручен собир со реферат | 6 | 0,5 | 3 |
| Член на комисија | 2 | 2 | 4 |
| **ВКУПНО (НО ,НИ+СУ, СА+ОР)** | | | **176,3** |